**Писмо на љубов од Таткото**

**Дете мое...**

Можеби ти не ме познаваш, но Јас знам сѐ за тебе... Псалм 139:1 Знам кога седнуваш и кога стануваш... Псалм 139:2 Познати ми се сите твои патишта... Псалм 139:3 Дури и влакната на главата ти се изброени... Матеј 10:29-31 Зашто ти беше создаден според Мојот образ... Битие 1:27 Во мене живееш, се движиш и постоиш... Дела 17:28 Зашто си Мој род...Дела 17:28 Те знаев дури пред да бидеш зачнат во мајчината утроба... Еремија 1:4-5 Те избрав уште кога го планирав созданието... Ефесјаните 1:11-12 Твоето постоење не е случајност, зашто сите твои денови се запишани во Мојата книга... Псалм 139:15-16 Го одредив точното време на твоето раѓање и твоето место на живеење ... Дела 17:26 Ти си чудесно и прекрасно создаден... Псалм 139:14 Зашто Јас те исткав во мајчината утроба... Псалм 139:13 Јас те изведов на свет на денот на твоето раѓање... Псалм 71:6 Оние кои не Ме познаваат, погрешно Ме претставуваат ...Јован 8:41-44 Јас не Сум далечен и гневен, туку Сум целосен израз на љубов... 1.Јован 4:16 И мојата желба е да ја излеам Својата љубов врз тебе изобилно...1.Јован 3:1 Едноставно затоа што си Мое дете и Јас Сум твој Татко... 1.Јован 3:1 Ти нудам повеќе отколку што твојот земен татко било кога би можел да ти пружи... Матеј 7:11 Затоа што Јас Сум совршен Татко...Матеј 5:48 Секој добар дар што го добиваш доаѓа од Мојата рака ...Јаков 1:17 Зашто Јас се грижам за тебе и ги снабдувам сите твои потреби ... Матеј 6:31-33 Мојот план за твојата иднина е секогаш исполнет со надеж... Еремија 29:11 Затоа што те љубам со вечна љубов...Еремија 31:3 Моите замисли за тебе се безбројни како песокот на морскиот брег... Псалм 139:17-18 И Јас се радувам над тебе полн со веселба... Софонија 3:17 Никогаш нема да престанам да ти правам добро... Еремија 32:40 Затоа што ти си Моја посебна сопственост...Излез 19:5 Посакувам да те утврдам цврсто, со сето Свое срце и сета Своја душа...Еремија 32:41 И да ти покажам големи и недостижни нешта... Еремија 33:3 Ако Ме бараш со целото свое срце, ќе Ме најдеш... Второзаконие 4:29 Радувај се во Мене, и јас ќе ги исполнам желбите на твоето срце... Псалм 37:4 Затоа што Јас Сум тој што ти ги дава тие желби... Филипјаните 2:13 Јас можам да направам за тебе прекумерно повеќе отколку што можеш да си замислиш... Ефесјаните 3:20 Затоа што Јас Сум твојот најголем утешител... 2 Солуњаните 2:16-17 Јас Сум Таткото кој те утешува во сите твои неволји... 2 Коринтјаните 1:3-4 Кога си со скршено срце, Јас Сум близу до тебе...Псалм 34:18 Како што пастирот го носи јагнето во својата прегратка, така те носев близу до Моето срце...Исаија 40:11 Доаѓа денот кога ќе ја избришам секоја солза од твоите очи... Откровение 21:3-4 И ќе ја отстранам секоја болка што си ја поднесол на оваа земја ...Откровение 21:3-4 Јас Сум твој Татко, и те љубам како што го љубам Мојот син Исус ... Јован 17:23 Затоа што во Исус, Мојата љубов за тебе е совршено објавена ... Јован 17:26 Тој е целосен одраз на Моето битие... Евреите 1:3 Тој дојде да ти покаже дека Јас Сум со тебе, а не против тебе... Римјаните 8:31 И да ти каже дека Јас не ги бројам твоите гревови ... 2 Коринтјаните 5:18-19 Исус умре за Јас и ти да можеме да се измириме... 2 Коринтјаните 5:18-19 Неговата смрт е најголемиот израз на Мојата љубов кон тебе... 1 Јован 4:10 Се откажав од сѐ што љубев само за да ја придобијам твојата љубов... Римјаните 8:31-32 Ако го примиш дарот на Мојот син Исус, Мене Ме примаш... 1 Јован 2:23 И никогаш веќе ништо нема да те одвои повторно од Мојата љубов ...Римјаните 8:38-39 Дојди си дома и Јас ќе ја направам најголемата веселба што небото некогаш ја видело ... Лука 15:7 Јас секогаш бев твој Татко, и секогаш ќе бидам твој Татко... Ефесјаните 3:14-15 Моето прашање е... Ќе бидеш ли Мое дете? ... Јован 1:12-13 Те очекувам ... Лука 15:11-32

Те сака, Твојот Татко.

**Семоќниот Бог**

Copyright 2003 Father Heart Communications www.FathersLoveLetter.com Translated by Milica Fidanoska/Kire Bonev